**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**KËSHILLI I PROKURORËVE PUBLIK I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

**бр. 02-203/6**
**Скопје, 11.11.2022 година**

Записник од шеесет и деветта седница на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија одржана на 11.11.2022 година.

Присутни:
г-дин Антонио Јолевски -Претседател на Советот
г-дин Арбер Исаку – Заменик претседател
г-дин Влатко Георгиевски член
г-ѓа Јасна Жежова член
г-Иџет Мемети член
г-ѓа Фиданка Рајевска член
г-дин Фаик Арслани член
г.Коле Штерјев член

Претседателот на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија, г-дин Антонио Јолевски констатираше дека на седницата се присутни мнозинството членови на Советот, со што се исполнети условите за одржување на шеесет и деветтата седница на Советот.

Претседателот на Советот го предложи следениот дневен ред:

1. Усвојување на записниците од 67 (шеесет и седмата) и 68 (шеесет и осмата) седница на Советот.
2. Донесување на одлука за престанок на функција јавен обвинител поради исполнување на услови за старосна пензија за јавниот обвинител во ОЈО Прилеп г-дин Ристе Шошески
3. Предлагање на двајца членови и нивни заменици на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители од редот на јавните обвинители.
4. Предлагање на двајца членови и нивни заменици на Комисијата за завршен испит при Академијата за судии и јавни обвинители од редот на јавните обвинители.
5. Разно

Претседателот на Советот г-дин Антонио Јолевски ја отвори 69-та седница на Советот и воедно предложи дневниот ред за оваа седница биде

дополнет со уште една точка и тоа: Разгледување на барањето за престанок на мандат член на Советот, по сопствено барање доставен од страна на г-дин Фаик Арслани, при што тоа да биде точка 5, а точката 2 да биде точка 4. Точките 3 и 4 да бидат точки 2 и 3, а точката 5 да биде точка 6. Вака предложениот дневен ред едногласно беше усвоен од страна на членовите на Советот.

Под точка еден од дневниот ред едногласно беа усвоени записниците од 67 (шеесет и седмата) и 68 (шеесет и осмата) седница на Советот.

Под точка два од дневниот ред Претседателот на Советот г-дин Антонио Јолевски истакна дека до Советот од страна на АСЈО било доставено барање за номинирање двајца членови и нивни заменици на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители од редот на јавните обвинители. Кажа дека по ова барање било дискутирано и на минатата седница на Советот, по што отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Збор зема заменик претседателот на Советот г-дин Арбер Исаку кој кажа дека согласно член 9 ст.4 од Законот за Академијата, каде стои дека за членови и заменици членови на УО во АСЈО можат да бидат судии и јавни обвинители кои имаат осум години работен стаж како судии или јавни обвинители. Воедно предложи за член на УО на АСЈО биде јавниот обвинител Ислам Абази, и г-ѓа Фиданка Рајевска член на СЈОРСМ, а за заменици членови бидат јавниот обвинител Енѓелуше Кадруи Леши и јавниот обвинител Ристо Бојаџиски.

Г-дин Иџет Мемети кажа дека смета дека би било подобро кај замениците да биде предложен член на Советот, и воедно не се согласи во целина со предлогот на г-дин Арбер Исаку, Воедно предложи членови на УО да се изберат на денешна седница, додека замениците може да останат за наредната седница.

Збор зема член на Советот и даде предлог на местото на Ислам Абази за член биде јавниот обвинител Мустафа Хајрулахи.

Заменик претседателот на Советот г-дин Арбер Исаку предложи Советот да гласа за неговиот предлог, или пак оваа точка биде одложена за наредна седница на Советот.

Член на Советот кажа доколку на денешната седница, Советот не донесе одлука, и предложи членови и нивни заменици на УО на АСЈО, ќе постапи несериозно. Смета дека е несериозно оваа точка биде одложена за наредна седница, и воедно даде забелешка, дека Советот предходно требало да одлучи, а на денешната седница само да бидат избрани членовите и нивните заменици.

Претседателот на Советот г-дин Антонио Јолевски даде 10 минутна пауза, за да се усогласат членовите на Советот.

По завршувањето на паузата г-дин Иџет Мемети предложи за заменик член на УО на АСЈО, да биде јавниот обвинител Бурим Рустеми.

Претседателот на Советот ги стави на гласање предлозите за членови и нивни заменици на УО на АСЈО.

Предлог за член на УО на АСЈО биде номиниран, г-дин Ислам Абази доби 7 гласа ЗА и 1 ПРОТИВ

Предлог за член на УО на АСЈО биде номинирана г-ѓа Фиданка Рајевска доби 7 гласа ЗА ПРОТИВ 0

Предлог за член на УО на АСЈО биде номиниран, г-дин Мустафа Хајрулахи доби 4 гласа ЗА и 3 ВОЗДРЖАНИ.

Предлог за заменици членови на УО на АСЈО. Јавниот обвинител г-дин Бурим Рустеми доби 8 гласа ЗА

За јавниот обвинител Ристо Бојаџиски биде заменик член на г-ѓа Фиданка Рајевска гласаа 8 ЗА 0 ПРОТИВ

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на РСМ донесе одлука со која за членови на УО на АСЈО беа номинирани јавниот обвинител Ислам Абази, и јавниот обвинител Фиданка Рајевска, а за нивни заменици јавниот обвинител Бурим Рустеми и јавниот обвинител Ристо Бојаџиски.**

Под точка три од дневниот ред Претседателот на Советот кажа дека Советот треба да донесе одлука за номинирање на двајца членови и нивни заменици на Комисијата за завршен испит при АСЈО, и воедно отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Збор зема г-дин Иџет Мемети и за член на Комисијата за завршен испит при АСЈО го предложи јавниот обвинител Газменд Мехмеди, а за негов заменик го предложи јавниот обвинител Фатон Азизи.

Член на Советот зема збор и за член на Комисијата за завршен испит при АСЈО го предложи јавниот обвинител Јован Цветановски, а за негов заменик го предложи јавниот обвинител Ермон Незири. Воедно ова беше предлог и на друг член на Советот.

Претседателот на Советот г-дин Антонио Јолевски предложи наместото на Ермон Незири, како заменик член на Комисијата биде јавниот обвинител Пецо Везироски, со што се согласија и членовите на Советот.

Од страна на претседателот на Советот дадените предлози за членови на Комисијата за завршен испит при АСЈО беа ставени на гласање.

Јавниот обвинител Газменд Мехмеди доби 8 гласа ЗА

Јавниот обвинител Јован Цветановски доби 8 гласа ЗА

Исто така се гласаше и за заменици членови на Комисијата за завршен испит при АСЈО.

Јавниот обвинител Фатон Азизи доби 8 гласа ЗА

Јавниот обвинител Пецо Везироски доби 8 гласа ЗА

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на РСМ донесе одлука со која за членови на Комисијата за завршен испит при** АСЈО **беа номинирани јавниот обвинител Газменд Мехмеди и јавниот обвинител Јован Цветановски, а за нивни заменици беа номинирани јавниот обвинител Фатон Азизи и јавниот обвинител Пецо Везироски.**

Под точка четири од дневниот ред Претседателот на Советот г-дин Антонио Јолевски ги запозна членовите на Советот, дека на ден 14.11.2022 година, јавниот обвинител во ОЈО Прилеп, г-дин Ристо Шошески ги исполнува условите за старосна пензија, со навршување на 64 години возраст, по што Советот треба да донесе одлука за престанок на функцијата јавен обвинител поради исполнување на услови за старосна пензија.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на РСМ, донесе одлука и решение за престанок на функцијата јавен обвинител поради исполнување на услови за старосна пензија, за јавниот обвинител во ОЈО Прилеп г-дин Ристо Шошески заклучно со 14.11.2022 година.**

Под точка пет од дневниот ред Претседателот на Советот г-дин Антонио Јолевски кажа дека до Советот од страна на членот на Советот г-дин Фаик Арслани,кој уште на 20.10.2022 година, доставил барање за престанок на мандатот член на Советот. Едногласно од страна на членовите на Советот беше усвоена оставката поднесена од страна на г-дин Фаик Арслани, по што претседателот на Советот му се заблагодари на досегашната соработка како член на Советот.
Г-дин Фаик Арслани ја напушти седницата на Советот.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на РСМ, донесе одлука за престанок на мандат член на Советот на јавните обвинители на РСМ за г-дин Фаик Арслани по сопствено барање согласно чл.35 ст.1 т.2 од Законот за Советот, заклучно со 11.11.2022 година, и воедно донесе решение со кое се враќа во јавното обвинителство од каде што бил избран за член на Советот на јавните обвинители на РСМ, во ВЈО Гостивар, каде функцијата јавен обвинител му била ставена во мирување.**

Под точка разно Претседателот на Советот г-дин Антонио Јолевски ги запозна членовите на Советот со содржината на барањето доставено до Советот од страна на јавниот обвинител Трајче Пеливанов за распишување на оглас за избор на јавни обвинители во ОЈО ГОКК – Скопје, по што отвори дискусија.

Од страна на членовите на Советот беше одлучено Советот да не зазема став по ова барање.

Под истата точка од дневниот ред претседателот на Советот ги извести членовите на Советот, дека од страна на Министерството за правда се бара од Советот да даде мислење во однос на стратегијата на ЕУ комисија.

Г-дин Иџет Мемети зема збор и појасни дека не станува збор за стратегија, туку извештај за спроведување на стратегијата 2017-2022 година, и дека станува збор за пресек, поточно за тоа што е направено и што не е направено и спроведено, за донесени и недонесени закони. Кажа дека Советот треба да даде мислење што мисли за одредени прашања како институција кои мислење и предлози треба да бидат ставови по однос на поставеноста на Советот. Кажа дека мислењето на Советот ќе послужи за изготвување на новата стратегија.

Член на Советот излезе со став дека тие што се упатени во Советот, а тоа се претседателот на Советот г-дин Антонио Јолевски и членот на Советот г-дин Иџет Мемети да изготват краток материјал и истиот го достават до МП, а членовите на Советот ќе им стојат на располагање.

Под истата точка од дневниот ред г-дин Иџет Мемети се осврна на процесот за избор на јавен обвинител на ОЈО ГОКК Скопје, и изборот на г-дин Ислам Абази за шеф на ова јавно обвинителство. Кажа дека сериозно е загрижен како член на Советот, и смета дека сите треба да сме загрижени

од реакциите на одредени кругови и организации, кои не оставаат впечаток дека се добронамерни. Затоа што истите се паушални и тенденциозни. Напротив истите оставаат впечаток дека се недобронамерни и дека се сака да се наштети и компромитира процесот на изборот на јавен обвинител на ОЈО ГОКК Скопје, што не е во ред и е непрфатливо. Обврска е на Советот да води грижа и го штити интегритетот на кандидатите и на сите јавни обвинители, а особено на тие кои учествуваат во изборниот процес, а гласаа скоро сите јавни обвинители, кредибилитетот на процесот, а со тоа и поширокиот интерес на општеството. Кажа дека објавувањето на огласот, утврдувањето на листата на кандидатите чија работа Советот ја следи во континуитет преку нивните извештаи, текот на изборниот процес, биле спроведени без никакви проблеми и без никакви приговори, односно на транспарентен и демократски начин. По објавување на резултатите наместо да биде пофален процесот што и заслужува, следеле несватливи реакции што е индикативно. Мисли дека навремено требало Советот да реагира на реакциите кои немале добра намера односно не помагаат, туку само можат да наштетат на интегритетот на јавните обвинители и Советот и општо на правосудниот систем на РСМ.

Член на Советот истакна дека се сложува со дискусијата на колегата Иџет Мемети и смета дека Советот до сега требал да реагира и да излезе со соопштение, бидејќи биле изнесени изјави кои не биле реални, нуту пак вистинити, дека биле шпекулативни и насочени против целиот изборен процес и личност која сеуште не почнала да ја извршува функцијата јавен обвинител на ОЈО ГОКК. Воедно кажа дека станува збор за јавен обвинител, а не за избор на политичар и дека немало потреба од носење било какви програми и пропагирање на истите. Кажа дека јавните обвинители се професионалци кои ја извршуваат својата функција.

Член на Советот кажа дека има закон за избор на јавен обвинител и дека според него треба да се придржува Советот. Воедно смета дека Советот е маргинализиран во делот на изборот и дека активноста на Советот е сведена на изборна Комисија. Воедно смета дека доколку Советот излезе со соопштенија, нема да му помогнат на ново избраниот јавен обвинител на ОЈО ГОКК Скопје.

Член на Советот кажа дека немало никакви приговори на изборниот процес од страна на кандидатите за избор на јавен обвинител на ОЈО ГОКК Скопје, ниту до изборните места во Вишите јавни обвинителства, ниту до ЈОРСМ како и до Советот на јавните обвинители на РСМ. Воедно кажа дека биле запазени сите рокови за приговори од страна на кандидатите јавени на огласот за избор на јавен обвинител на ОЈО ГОКК-Скопје.

Заменик претседателот на Советот се согласи со искажаните забелешки од страна на г-дин Иџет Мемети и кажа дека како член на Комисијата за избор на јавен обвинител на ОЈО ГОКК-Скопје, во присуство на членовите на Комисиите на избирачките одбори од сите пет избирачки места на записник било констатирано дека немало никави забелешки и неправилности при спроведувањето на гласањето за избор на јавен обвинител на ОЈО ГОКК-Скопје.

Член на Советот кажа дека Советот требал да реагира на време, и смета дека сега не е време за било какви дополнителни реакции и соопштенија од страна на Советот.

Пред да ја заклучи шеесет и деветата седница на Советот, Заменик претседателот на Советот предложи да се закаже седница за избор на јавни обвинители за шефовските места по завршените огласи за ден 14.11.2022 година, и предложи дневен ред со што се согласија и останатите членови на Советот.

Од страна на членовите на Советот предлогот на Заменик претседателот на Советот едногласно беше подржан и усвоен.

Откако никој не зема збор Претседателот на Советот ја заклучи шеесет и деветата седница на Советот.

Записникот го водел
Аспарух Мисајловски
Генерален Секретар

**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Антонио Јолевски**